View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk

brought to you by CORE

provided by UGD Academic Repository

# MENTORING AND INTEGRATED METHODICAL PRACTICE

**Snezana Jovanova-Mitkovska, PhD**
Faculty of educational sciences, University "Goce Delchev"-Stip, Republic of Macedonia,
snezana.jovanova@ugd.edu.mk
**Biljana Popeska, PhD**
Faculty of educational sciences, University "Goce Delchev"-Stip, Republic of Macedonia,
biljana.popeska@ugd.edu.mk

**Abstract:** The realization of practical teaching of students from the teaching faculties is carried out in the laboratories, schools. The same is performed under the mentorship of a mentor professor from faculty, mentor teacher from the school (primary, secondary). Mentoring of this kind of teaching is not easy and simple thing, but work that involved great responsibility. Mentoring refers to two process: the learning and the teaching process. In that process of teaching and learning, both equal partners have benefit, i.e. the acquisition of practical experience for students, and on the other hand, the exchange of opinions with students, leads to a change in the style of learning, teaching, their advancement, innovation etc. The goal of mentoring is actually to allow development, career advancement. The mentor is a key person for development of the education and career of young individuals.
In the paper we theoretically elaborated the problem of mentoring the integrated methodical practice of the students at the teaching faculties in the Republic of Macedonia. Also, we present the results of small, micro survey with students at the Faculty of educational sciences (FES) in Stip, whose goal was to obtain knowledge related to the identification of the roles implemented by the mentor for practical teaching. The descriptive-explicative method, the technique survey was applied in a deliberate sample of 45 students from FES. The obtained results are aimed at promoting this as an important role that teachers from the elementary and secondary schools, as well as the teachers of the faculties of teaching realize.
**Keywords:** student practical teaching, professor, teaching faculties

# МЕНТОРИРАЊЕТО И ИНТЕГРИРАНАТА МЕТОДИЧКА ПРАКСА

**Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска**
**Факултет за образовни науки, Универзитет„Гоце Делчев"-Штип, Република Македонија,**
**snezana.jovanova@ugd.edu.mk**
**Доц. д-р Билјана Попеска**
**Факултет за образовни науки, Универзитет„Гоце Делчев"-Штип, Република Македонија,**
**biljana.popeska@ugd.edu.mk**

**Резиме:** Остварувањето на парктичната настава на студентите на наставничките факултети се изведува во вежбалните, лабораториите, училиштата. Истата се изведува под менторство на ментор професор од Факултет, ментор наставник од основното училлиште. Менторирањето на овој вид настава не е лесна и едноставна работа, но работа која подразбира огромна одговорност. Менторството се однесува на два процеса процесот на учење и процесот на поучување. Во тој процес на учење и поучување заснован на взаемна соработка, корист имаат и двајцата рамноправни партнери, т.е. стекнувањето на практично искуство за студентите, а од друга страна размената на мислењата со студентите, води кон промена на стилот на учење, поучување, нивно напредување, внос на иновации и сл. Целта на менторството е всушност да се овозможи развој, напредување во кариерата. Менторот е клучната личност за развојот едукацијата и кариерата на младите индивидуи.
Во трудот теоретски го елаборираме проблемот со менторството, менторирањето на практичната настава на студентите на наставничките факултети во Р. Македонија. Презентираме и резултати од реализирано мало, микро истражување на Факултетот за образовни науки во Штип, чија цел беше да добиеме сознанија кои се однесуваат на идентификацијата на улогите кои ги реализираат менторите за практична настава. Се примени дескриптивно-експликативниот метод, техниката анкетирање, на намерен примерок од 45 студенти од ФОН. Добиените резултати се во насока на унапредување на оваа и те како значајна улога која ја остваруваат наставниците од ОУ и ДУ, како и професорите на наставничките факултети.
**Клучни зборови**: студент, практична настава, професор, наставнички факултети

Доброто и ефикасно образование колку што зависи од добрите програми (студиски и предметни), во голема мера зависи и од оној што треба тие програми да ги донесе во стварност, да ги реализира, а тоа е учителот. ... Стручноста, поврзана со научните области со кои учителот треба да го збогати знаењето на учениците се стекнува во текот на неговото образование. Во текот на образованието, учителот се стекнува и со умеења, тие содржини, соодветно на возраста на учениците да им ги пренесе (Николовска, В., 2015:9)

Наведената определба за улогата која ја има учителот, во ефикасното образование на младите генерации не постави пред повеќе прашања поврзани со иницијалното образование на учителот неговите јаки страни, неговите мани, недостатоци. Како еден сериозен недостаток кој долги години како прашање се поставуваше пред наставничката фела, беше недоволната практична настава на студентите на наставничките факултети,

Овој проблем наоѓаше своја разрешница при редизајнирањет на студиските програми на овие факултети. Сведоци сме дека овие неколку години, навистина се прават заложби за имплементација на ваквата идеја, со настојување да при редизајнирањето на студиските програми, во насока на нивно осовременување и компатибилност со програмите на другите европски држави, се инкорпорира практичната настава,, се зголеми фондот на часови за истата.

Целта на практичната настава, како „„рационално организирана човечка дејност насочена кон менување наобјективната стварност и пронаоѓање на оптимални решенија. ...., т.е. слободна креативна дејност со која човекот се обликува самиот себе и својот свет, историско дејствување водено со повикот од иднината … (Педагошка енциклопедија, 1989:233). е всушност оспособување на идните учители за нивно полесно вклучување и соочување со работните предизвици.

Реализирани се бројни истражувања во наши и светски размери кои с еоднесуваат на поставеноста, организацијата, квалитетот, времетраењето, одредување на стандардите за квалитет на практичната настава Би го спомнале истражувањето на Будич и Гајик (2006) врз основа на чии резултати може да се добијат конкретни сознанија за тоа кава би можела да биде поставанеоста, и организацијата на практичната настава. Станува збор за истражување фокусирано на образовниот систем на учителите во Финска, поконкретно испитување на начелата врз основа на кои се организира педагошката пракса. Согласно начелата, педагошката пракса на студентите започнува во прв семестар, при што постои спој помеѓу теориските сознанија и практичните активности на студентите кои од ден на ден се усложнуваат. Педагошката пракса на почеток има ориентационен карактер, во втора година од студиите организирано е двонеделно следење на севкупниот воспитно-образовен. Со компетенции за реализирање на наставата студентите се стекнуваат во трета година од студии. Во четврта година студентите реализираат четири неделна пракса која подразбира стекнување на искуства за воспитно-образовна работа. (Јованова, 2015:????).

И во Р. Македонија имаме слична ситуација. Согласно законските прописи, во кои е насловена со називот клиничка пракса, истата е потребно да се реализира во времетраење од 30 работни дена во текот на годината. Истата е вградена во студиските програми и се реализира и на факултетите за едукација на наставен кадар со различни називи: педагошка практика, практична настава, методичка пракса, интегрирана методичка пракса, педагошки стаж...

Целта на практичната настава на факултетите за едукација на наставен кадар е оспособеност на идните наставници за самостојна практична работа во наставата, во и низ сите облици на воспитно-образовна дејност. Во, низ практичната настава, студентите имаат можност да ги потврдат теоретските сознанија, да ги воочат законитостите кои постојат во воспитно-образовниот процес, да ја преформулираат теоријата, да изградат своиставови, мислења, да развијат сенс кон оваа професија, ...

Реализацијата на практичната настава на факултетите за едукација на наставен кадар за работа во детски градинки и основни училишта - прв и дел од вториот циклус на основното деветгодишно образование се одвива во детските градинки, основните училишта. Насоките за реализација на практичната настава ги посочува професор-ментор од факултет, врз основа на претходно изготвена програма за практична настава. Истата се изведува во вежбалните (училишта, детски градини) под менторство на наставник-ментор за практична работа со студентите.

Менторирањето на практичната работа на студентите не е едноставна и лесна работа. Станува збор за работа која подразбира остварување на бројни улоги, работа полна со одговорности, предизвици, ...

Менторството се однесува на двата процеса: процесот на учење и процесот на поучување. Овој процес е насочен кон учење, усовршување, напредок, не само на студентите на праксата, но и на менторите т.е се повеќе се увидува дека низ процесот на менторството се развива и професионално напредува и самиот ментор (Eby и др.2006).

Претставува и индивидуално поучување затоа што менторот работи со конкретен/ни студент/студенти кои сака да ги оспособи за работа во конкретна струка, конкретна професија во овој случај учителската професија. Тоа е процес во кој и низ кој и менторот има можности за учење, за лично напредување на професионален план. Во тој процес на учење и поучување базиран на взаемна соработка корист имаат и двата рамноправни партнери, т.е. стекнување на практично искуство за студентите, а од друга страна пак, размената на мислења со студентите, води кон промена на стиловите на поучување, нивно унапредување, внесување на иновации во образовниот процес, итн.

„Самиот процес на менторството е поттикнувачки и енергизирачки затоа што менторот покажува како е способен се да почне повторно од почеток но и низ својата работа да оствари значајни постигнувања. (Centeno, 2002).

Развојот и унапредувањето на знаењата и вештини од своја страна води кон напредување во кариерата.

Потребно е да се направи дистинкција помеѓу *природно и планирано менторство*. Природното менторство се одвива стихијно, низ пријателство, колегијалност, се води, поучува, советува студентот/те. Планираното менторство подразбира почитување и водење низ претходно одредени структурирани програми кои имаат конкретна цел и се остваруваат врз основа на претходно утврдена процедура.

Историски гледано менторството е стар концепт чии историски корени ги забележуваме во поемата на Одисеј, каде како личност се појавува Ментор, личност која во отсуство на Одисеј се грижи, го насочува и поучува неговиот син Телемах, нудејќи му менторски знаења, личен пример и пренесувајќи му животни мудрости.

Менторот насекаде (Европа, САД, Англија..) е клучната личност за развојот, едукацијата и кариерата на младите личности. Менторот е водич низ патувањето наречено живот.

„На тоа поле посебно важна улога има менторот, кој настојува да го прикаже хуманиот карактер и убавина на учителскиот позив, не заобиколувајќи ги тешкотиите, проблемите кои во таа работа ќе се јават. Тоа е лицето кое им го прикажува на студентите животот во вежбалната, им раскажува за својот животен пат, за своите ученици, колеги, за иднината на тоа занимање, настојувајќи да со студентите изгради што поблизок однос. На тој начин влијае на формирање на нивната свест за позивот. Се е тоа доста убедливо што е поткрепено со исклучителната важност на педагошката дејност која со студентите се одвива во вежбалните. (Vaspremi 1988, 223).

*Кои се задачите и обврските на менторот за практична настава на студентите*?

- да се запознае со планот и програмата за практична настава на студентот и да во соработка со професорот-ментор од високообразовната институција ги одреди понатамошните чекори за нејзина успешна имплементација;
- да воспостави клима на меѓусебна доверба, соработка, интерактивна комуникација со студентот/те;
- да го запознае студентот со структурата, организацијата, начинот на управување, кодексот на однесување, соработката со другите засегнати страни за работата на воспитно-образовната институција:
- да ги запознае студентите со новите тенденции во образованието, новите модели на наставна работа, едукацијата на децата со посебни потреби во редовниот образовен систем;
- да го запознае студентот/те со климата во одделението, со можностите, интересите на учениците, со нивните предзнаења;
- да презентира добри примери на наставен, менторски час;
- да обезбеди оптимални инструкции, предлози, објаснувања, упатства, совети за студентот за процесот на планирање, изготвување на подготовка и реализација на наставниот/воспитно-образовен процес;
- да го запознае студентот со материјалните услови и техничко-технолошката опременост на воспитно-образовната институција;
- да врши набљудување на наставниот час/воспитно-образовна активност и да обезбеди повратна информација на студентот;
- да направи проценка, да дава конструктивна критика и предлози за унапредување на практичната реализација на наставните/воспитно-образовниактивности од страна на студентот;
- постојано да го охрабрува и поттикнува студентот за трагање по нови пристапи и начини кои водат кон унапредување на наставниот/воспитно-образовниот процес;

- да прави евалвација на практичната работа на студентот, да изготви финален извештај;
- да дава предлози и сугестии за унапредување на практичната работа, остварената соработка со студентите и претставници на високообразовната институција;
- да го запознае студентот со формите на безбедност во училиштето/детската градинка;
- постапно да го воведува студентот во различните фази на формално, професионално и лично образование;
- Бројните задачи кои треба да ги оствари менторот за практична настава на студентите подразбираат да тој паралелно остварува бројни улоги.

*Кои и какви улоги има учителот ментор во детската градинка, основно училиште?*
Бројни автори правеле обиди за одредување на улогите кои ги има менторот учител.
(Kwain и Lopez 2005) ги идентификуваат следните улоги:

- Набљудувач - набљудување на часовите кои ги изведуваат студентите, набљудување на подготовката на студентот/те, обраќање на внимание на ставовите на студентите и нивното генерално професионално однесување;
- Даваат повратна информација - анализа на часот кој го изведува студентот и даваат повратна информација за изведбата на часот и процесот на поучување;
- Пример - даваат добри примери на студентот врз основа на сопственото професионално однесување;
- Советник - помага на студентот во врска со било кој личен и професионален проблем;
- Критички пријател – дава конструктивна критика на студентите во врска со нивното поучување;
- Инструктор – дава специфични инструкции на студентите во врска со тоа како поучуваат;
- Менаџер - ги запознава студентите со процедурите кои се користат во воспитно образовната институцијата;
- Проценувач – прави проценка за изведба на часот/активноста и процесот на поучување;

Слично се определени улогите на менторот учител и од страна на Аваја и соработниците (2003) кои говорат за следните улоги на менторот учител:

- Рамноправен партнер - се сè заснова на взаемни рамноправни односи во процесот на менторирање, не постои доминација на ниту еден од партнерите, однос кој се заснова на искуството и мудроста на постариот -менторот учител;
- Пример и модел за студентот;
- Охрабрувач, поттикнувач на студентите за преземање на акции;
- Водич за доаѓање до практични знаења, истовремено трагајќи по нови патишта и начини;
- Пример за студентите;
- Критички пријател - постојано дава конструктивна критика и насочува кон преземање на акција;
- Информира - дава постојана повратна информација за успехот, неуспехот;
- Емотивно и професионално поддржува;

Врз основа на изнесеното можеме да видиме дека менторот за практична настава на студентите има пред себе бројни предизвици со кои треба да се соочи и успешно да ги оствари.

*Методологија*
Имајќи ги во вид претходно определените улоги од страна на истакнатите теоретичари, практичари, реализиравме и мало истражување чија цел беше да испитаме дали и кои се улоги ги идентификуваат студентите на Факултетот за образовни науки во Штип кај менторите за практична настава. Во истражувањето го применивме дескриптивно-експликативниот метод, техниката анкетирање и инструментот анкетен лист. Примерокот беше намерен и го сочинуваа 45 студенти од четврта година од ФОН.
Ги презентираме резултатите од истражувањето
Ран

Врз основа на резултатите прикажани во табелата може да се види дека студентите ги идентификувале како најзабележителни улогите на учителот ментор: улогата на набљудувач, инструктор и критички пријател. Три најниско рангирани улоги се: контролор на квалитет, пример и проценувач. Вака одредениот ранг на улогите кои ги има учителот ментор за реализација на практична настава се во прилог на потребата од одредување на критериуми за избор на учител - ментор во насока на дополнителни обуки за ментори за практична работа, во

насока на јакнење на соработката на релација високообразовна институција и детска градинка/основно училиште.
Во прашалникот беа поместени и прашања од отворен тип кои се однесуваа на мислења на студентите за тоа кои учители би требало да бидат ментори за практична настава на студентите. Беше истакнато дека тоа се оние учители кои:

- Кои даваат упатства на студенти;
- Кои соработуваат, подготвени на разговор;
- Секогаш се подготвени да помогнат;
- Комуникативни се;
- Добри слушатели;
- Насочувачи;
- Постојано даваат повратна информација;
- Наставници пример за учениците;
- Разбирлив;
- Наставник кој внимава на говорот и брзината со која говори;
- Да дава добри инструкции, да обезбеди дисциплина во одделението;
- Критички пријател;
- Достапен на студентите.

На прашањето кои особини треба да ги има менторот за практична настава, ги истакнаа: личен став; принципиелен; соработлив; сериозен; точност; полн со разбирање; љубезен; позитивен; менаџер; искрен; чесен; вреден; одговорен; креативен.
Бидејќи примерокот го сочинуваа студенти кои беа во завршната година од нивното иницијално образование, кои во месец април и првата недела од месец мај завршија со реализацијата на практичната настава се определивме и за прашањето за одредување според нив, на *критериумите за избор на ментор за практична настава*.
Како клучни беа истакнати: наставник со подолг стаж; наставник кој поседува сертификати од обуки; наставник кој работел и во комбинирани паралелки; наставник кој континуирано е раководител на паралелка чиј просечен успех е висок; наставник кој поседува комуникациски вештини; наставник кој си ја сака својата професија; наставник кој положил тест на личност; наставник кој има широки општи познавања; познавања од струката; наставник кој следи што се случува, што е ново во едукацијата;
Покрај прашањата за особините, улогите на менторот за практична настава, студентите беа запрашани и за карактеристиките на професорот ментор од високообразовната институција. Беа истакнати:

- Да е еднаков кон сите студенти, рамноправен;
- Соработник;
- Внимателен;
- Студентот да не се плаши да не згреши;
- Насмеан;
- Активен;
- Дружељубив;
- Да критикува;
- Да пофалува;
- Одговорен;
- Советник;
- Присутен на секој час;
- Критички пријател;
- Проценувач;
- Да помага во одржување на дисциплината;
- Набљудувач;
- Да е пример за студентот;
- Контролор на квалитет;

**Наместо заклучок**

Клучната задача на менторот всушност е да „им помогне на студентите да научат како да поучуваат" на тој начин што ќе им помогне да учат од сопственото искуство, планирајќи, имплементирајќи, анализирајќи и евалуирајќи ги искуствата“.

(Марентич, Пожарник, 2006)

**Литература**

Cain, T., (2009): Mentoring trainee teachers: how can mentors use research?
Mentoring & Tutoring: Partnership in Learning, Vol. 17, No. 1, 53–66

Daloz, L.,(1999): Mentor: Guding the journey of adult learners, San Francisco: Jossey-Bass
Dimitrijević, V. i dr. (2008): Interaktivna obuka, program za trenere, Podgorica: Zavod za školstvo
Gordon, T. (1998): Kako biti uspešan nastavnik, Beograd: Kreativni centar
Grupa autora (2009): Mentor i pripravnik – Vodič za nastavnike, vaspitače i stručne saradnike, Beograd: ZUOV
Grupa autora, (1991): Učitelj u praksi, Zbornik radova za mentore i pripravnike, Beograd: Republiĉki zavod za unapredzivanje vaspitanja i obrazovanja
Hargreaves, D. (1995): School culture, school effectiveness and school improvement, School effectiveness and school improvement, Lisse Netherlands
Havelka, N., (2004): Mentorski rad – o nekim metodiĉkim i konceptualnim pitanjima, Podgorica, Prosvjetni rad, 1-2,
Klaterbak, D. (2009): Svakome je potreban mentor, Beograd
Stoll, L.; Fink, D. (2000): Mijenjajmo naše škole, Zagreb: Educa